1014 4

# Г.Г. Стефан: Вранишковски е Спаска Митрова на МПЦ



Со највисоки почести од СПЦ Јован Вранишковски пред српскиот патријарх Иринеј ја отслужи утринската божиќна богослужба во Белградскиот соборен храм. Пред верниците кои се молеа, пред претставниците на српската цивилна власт и будно набљудуван од патријархот Иринеј.

На својот сајт привrзаниците на Православната Охридска Архиепископија предводена од Вранишковски напишале дека тој на крајот на литургијата му се заблагодарил на Иринеј за молитвите кои патријархот српски ги упатувал до Бога за негово ослободување од притвор во Бугарија. Во Софија Вранишковски беше уапсен по потерница за судска пресуда за финансиски малверзации, но по 40-тина дена бугарскиот суд го пушти на слобода и одби да го екстрадира на македонските власти. За македонскиот црковен врв доволен доказ дека Вранишковски е новата Спаска Митрева, но овојпат регионална.

-Тој поодамна е Спаска на Македонската Православна Црква. Зачудува што секогаш им се помага на предавниците и изродите. Да беше покомплетна одлуката на судот во Софија, требаше да го викнат и креаторот на проектот Вранишковски и неговиот вујко требаше да даде изјава за да биде циркусот поголем, изјави Г.Г. Стефан, Архиепископ Охридско –Македонски.

Може да разговараме за Јован но не со него- повтори Архиепископот кој тврди дека има контакти со СПЦ и дека преговори ќе има кога ќе дојде време.

Миомир Серафиновиќ

08.01.2011, 15:27